Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

**ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ**
**QENDRA PËR MENAXHIM ME KRIZA**

Дел. бр. 15-3123/1
2020 година

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА ЗА 2021 ГОДИНА
## на Центарот за управување со кризи

В.Д. ДИРЕКТОР
Стојанче Ангелов

Скопје, декември 2020 година

Годишниот план за работа на Центарот за управување со кризи ( во натамошниот текст: Центарот ) за 2021 година, е подготвен во согласност со Методологијата за изменување и дополнување на Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на РМ бр. 124/08, 58/18 и Службен весник на РСМ бр. 223/19") и Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи во процесот на подготвување на Стратешкиот план и Годишниот план за работа („Службен весник на РМ бр. 131/18").

Планот претставува операционализација на мерките и активностите содржани во програмите од Стратешкиот план на Центарот за управување со кризи за периодот 2021-2023 година, кои се во функција на остварување на стратешките приоритети и цели на Центарот и на стратешките приоритети и цели на Владата на Република Северна Македонија.

Во првиот дел е даден краток преглед на програмите и потпрограмите, нивните цели и поврзаноста со стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата за 2020 година како и со приоритетите и целите на Центарот. Програмите се разработени во потпрограми во кои се презентирани конкретните активности, временската рамка, финансиските средства и организациските облици, односно лицата задолжени за нивно спроведување, како и мерливи показатели за следење на успешноста во реализацијата.

Во вториот дел на Годишниот план е даден преглед на иницијативите на Центарот содржани во Програмата за работа на Владата за 2020 година, а во третиот дел се претставени мерките и активностите кои произлегуваат од редовните активности на Центарот, односно не се составен дел на Стратешкиот план за 2021-2023 година.

Организациските единици на Центарот со своите вработени се подготвени успешно да ги реализираат сите активности и задачи од овој план и со тоа максимално да придонесат кон остварување на стратешките приоритети и цели на Владата.

## 1. ПРОГРАМИ

**Стратешкиот план на Центарот за управување со кризи за периодот 2021-2023 година се состои од две програми, и тоа:**

1. **Управување со кризи**
2. **Воспоставување на единствен комуникациско – информативен систем**

- Програмата **„Управување со кризи"**, ги опфаќа сите редовни активности на Центарот и содржи посебна потпрограма за Стручно оспособување и усовршување на вработените во ЦУК и субјектите во Системот за управување со кризи,
- Развојната програма **„Воспоставување на единствен комуникациско – информациски систем"**, содржи три потпрограми:

1) Проект – Воспоставување на единствен комуникациско – информативен систем со единствен број на повикување во случај на ризици, опасности и други несреќи на целата територија на Републиката, Е-112.

2) Проект: Воспоставување на функционирање и доведување во исправна состојба на Системот за јавно тревожење.

3) Проект: Воспоставување на функционирање на УКБ радио системот за известување и единствена радио мрежа

## 2. ПЛАН ЗА РАБОТА

### А. Програми и потпрограми од Стратешкиот план на Центарот за управување со кризи за 2021-2023 година

ПРОГРАМА: УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на Владата:

ПРИОРИТЕТИ: „Модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти ", „Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија ", Справување со светската пандемија предизвикана од Корона вирусот COVID 19;

ПРИОРИТЕТНИ ЦЕЛИ:

- ефективно, ефикасно и инклузивно креирање политики стручна, професионална и департизирана администрација и одговорно, отчетно и транспарентно работење на институциите;
- ефективна и ефикасна заштита на финансиските интереси на Европска Унија и националните финансиски интереси, подобрување на законската, институционалната и оперативната рамка во превенцијата, откривањето и борбата против неправилностите и измамите при имплементацијата на ЕУ фондовите
- ефикасно користење на ЕУ пристапната помош и зајакнување на воспоставениот систем за финансиско управување и контрола на средствата од ИПА во насока на прилагодување на системот за управување со структурните фондови
- одбранбена и безбедносна политика во функција на развојот, уставниот поредок, независноста, суверенитетот, територијалниот интегритет и безбедноста на граѓаните;
- обезбедување на функционална интероперабилност по НАТО стандарди, подготовка за идните НАТО цели на способности и ефикасна реализација на одговорностите кои произлегуваат од учеството во колективната одбрана, кризниот менаџментот и кооперативната безбедност.
- зајакнување на позицијата на Република Северна Македонија на меѓународен план, развој на билатералните, регионалните и мултилатералните односи со членките на НАТО и Европската Унија и другите земји од Европскиот и вон-европскиот простор;
- ефективно, ефикасно и инклузивно креирање политики стручна, професионална и департизирана администрација и одговорно, отчетно и транспарентно работење на институциите;
- унапредување на законодавството во развојот на родовата еднаквост и стратегии за превенција и заштита на жените од сите форми на родово базирано насилство, вклучувајќи го и семејното насилство;
- унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетите;
- одбранбена и безбедносна политика во функција на развојот, уставниот поредок, независноста, суверенитетот, територијалниот интегритет и безбедноста на граѓаните

- превенција намалување на ризикот од природни непогоди и други несреќи и катастрофи

**Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на Центарот за управување со кризи**

Промовирање на европските вредности во процесот на пристапување во Европската Унија и постигнување на интероперабилност согласно стандардите на НАТО, непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, натамошна професионализација и департизација и зајакнување на транспарентноста, унапредување на родовата еднаквост и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетите, како и воспоставување на заеднички стандарди за развој на сајбер безбедност.

**Цел на програмата:**

- Јакнење на административни капацитети за исполнување на обврските од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ ;
- Подобрување на националната, регионалната и меѓународната соработка.
- Имплементација на родовата рамноправност и обезбедување еднаков третман и можности;

**Показатели на успешност:**

- Јакнење на капацитетите (организациски и персонални).
- Подобрен квалитет на услугите кон граѓаните и останатите засегнати страни.

**ПРОГРАМА:** Управување со кризи

**Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на ВРСМ :**

Програмата 2- потпрограмата 20 произлегува од законската надлежност на ЦУК (член 21 и 22) и Уредбата број 15-1040/1 од 09 март 2010 година (Сл. весник на РМ бр 38/2010 година), и истата е во функција на поддршка на стратешкиот приоритет на Владата на РСМ содржан во одлуката за стратешки приоритети, Членство на Република Северна Македонија во ЕУ и приоритетните цели за унапредување на добрососедските односи, активно учество во регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските и вон европските земји, на билатерален, регионален и мултилатерален план и обезбедување на функционална интероперабилност по НАТО стандарди, подготовка за идните НАТО цели на способности и ефикасна реализација на одговорностите кои произлегуваат од учеството во колективната одбрана, кризниот менаџментот и кооперативната безбедност, од Одлука за утврдување на стратешките приоритети на ВРСМ за 2021 година бр44-9041/1 од 6 октомври 2020 година.

**Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на центарот:** Програмата е поврзана со стратешкиот приоритет на Центарот „Продолжување со изградба и развивање на капацитети и способности на Системот за управување со кризи во Република Северна Македонија, за навремен и координиран одговор на институциите за намалување на сите ризици и опасности од катастрофи, кој ќе биде компатибилен со системите за кризен менаџмент кај земјите членки на НАТО и ЕУ.

**ЦЕЛ на програмата:** Градење и јакнење на капацитети и способности на секторот, Центарот и субјектите во Системот за управување со кризи (СУК) за имплементација на воспоставените процеси на планирање (среднорочно и краткорочно ) и воспоставување долгорочен процес на планирање и развој на СУК.

| Показател на успешност: | Појдовна основа | Планиран резултат(одредница) на годишно ниво |
|---|---|---|
| - Унапредување на меѓународната соработка на ЦУК со меѓународни организации и сродни институции. | | - упатување на 1 претставник на ЦУК во Мисијата на РСМ при НАТО во Брисел;<br>- акредитација на РДБКИ при ЦУК за повисок степен на класификација;<br>- реализација на активности од Програмите за соработка со САД: Маршал Центар и СМЕР;<br>- реализација на ЈИСА обуки во Јапонија;<br>- реализација од ИПСП со НАТО;<br>- остварен напредок на институцијата во ЕУ процесот<br>- обезбедена меѓународна поддршка при |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | прогласена кризна состојба во земјата. | |
| **Мерки** | **Активности** | **Временска рамка за спроведување** | | | | **Финансиски средства** | **Организациски облик/лице** |
| Градење капацитети за управување со кризи преку обезбедување обуки, стручно усовршување и вежбовни активности за вработените во Центарот во соработка со странски партнери | - Учество во преговори;<br>- Организациско-административна подготовка за упатување | 01/21 | | | 12/21 | Буџет на СМС | СМС и ООЕ на ЦУК и на субјектите во СУК, странски соработници |
| | - Планирачки и преговарачки процес за обезбедување активности за 2021 година | | | | | | |
| Упатување на претставник на ЦУК во Мисијата на РСМ при НАТО, Брисел, Белгија | Организациско-административни постапки и подготовки за упатување | 1/21 | | 12/21 | | Буџет на СМС | СМС во соработка со МНР, ОУЧР, СПОРИК, СФП |
| Акредитација на системот за размена на класифицирани информации во понизок степен | Организациско-административни постапки и подготовки за акредитација | 1/21 | | | 12/21 | | СМС во соработка со надлежните организациони единици и лица одредени со решение од директорот на ЦУК и ДБКИ |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Имплементација на ИПА СВС проектот "Интегриран оперативен центар за пружање хуманитарна помош" (Integrated Operations Center for Providing Humanitarian Assistance – HELP) | Административна поддршка при имплементација на проектот | 1/21 | | | 09/21 | | СМС во соработка со надлежните организациони единици, проект партнери и лица одредени со решение од директорот на ЦУК |
| Имплементација на ИПА СВС проектот „Заедничка прекугранична соработка за заштита на населението од природни непогоди и катастрофи предизвикани од човечки фактор", акроним "I-CROSS" | Административна поддршка при имплементација на проектот | 1/21 | | | 10/21 | | СМС во соработка со надлежните организациони единици, проект партнери и лица одредени со решение од директорот на ЦУК |
| Имплементација на НАТО СПС проектот " Advanced Regional Civil Emergency Coordination Project for Western Balkans" – G4968 | Административно-организациска поддршка при имплементација на проектот | 1/21 | | | 10/21 | | СМС во соработка со надлежните организациони единици, проект партнери и лица одредени со решение од директорот на ЦУК |
| Реализација на НАТО-ЕАДРЦЦ вежба „ Северна Македонија 2021" за справување со последици при катастрофи, 20-25.09.2021 | -Учество на планирачки конференции<br>-Организациска поддршка за реализација на вежбата | 1/21 | | | 12/21 | -НАТО<br>-Буџет на СМС | СМС во соработка со надлежните организациони единици, субјекти на СУК и лица одредени со решение од директорот на ЦУК |

**ПОТПРОГРАМА 1:** Стручно оспособување и усовршување на вработените во ЦУК и субјектите во Системот за управување со кризи

**Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на ВРСМ:** Програмата произлегува од стратешкиот приоритет на Владата на РСМ содржан во одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2021 година – модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти.

**Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на центарот:** Продолжување со изградба и развивање на капацитети и способности во Системот за управување со кризи, за навремен, брз и координиран одговор на институциите за намалување на сите ризици и опасности од катастрофи, кој ќе биде компатибилен со системите за кризен менаџмент во земјите членки на НАТО и ЕУ.

**ЦЕЛ на програмата:**

- Градење и јакнење на капацитети и способности на ЦУК со цел да се зголеми функционалноста со пополнување на слободни работни места;
- Планирање, организирање и реализација на обуки и вежби заради зголемување на координацијата, ефикасноста и благовремената реакција на вработените во ЦУК и учесниците во Системот за управување со кризи, со што и практично се зајакнуваат способностите и капацитетите на Системот за управување со кризи во спроведувањето на конкретни оперативни активности за справување со ризиците и опасностите, а согласно стратешкиот План на Центарот.

| **Показател на успешност** | **Појдовна основа** | **Планиран резултат(одредница) на годишно ниво** |
|---|---|---|
| - Број на реализирани обуки за изработка на функционална анализа, правилници за внатрешна организација и систематизација во ЦУК;<br>- Број на реализирани обуки од областа на подготовка на годишни планови вработување и унапредување во ЦУК;<br>- Број на реализирани обуки од областа на подготовка на годишни планови за стручно усовршување и развој на вработените во ЦУК | Закон за вработените во јавниот сектор и<br>Закон за административни службеници<br>-(Сите подзаконски акти кои произлегуваат од овие два закони) | 6 вработени лица во ЦУК |

| Мерки | Активности | Временска рамка за спроведување | | | | Финансиски средства | Организациски облик/лице |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јакнење на капацитети на ЦУК со планирање на човечките ресурси за изработка на функционална анализа и актите за внатрешна | Изработка на Правилник за организација и работа на ЦУК и Правилник за систематизација на работни места согласно изработен Извештај од спроведена Функционална | 01/2021 | 02/2021 | 03/2021 | | 5.000,00 денари | ОУЧР во соработка со останатите организациони единици на ЦУК |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| организација и работа, и актите за систематизација на Центарот за управување со кризи | анализа во Центарот за управување со кризи согласно Методологијата за спроведување на функционална анализа во институциите од јавниот сектор, преку планирање, подготовка и реализација на обуки за подготовка на Правилник за организација и работа на ЦУК и Правилник за систематизација на работни места | | | | | | |
| Јакнење на капацитети на ЦУК за подготовка на индивидуални планови за стручно усовршување на административните службеници во ЦУК | Планирање, организирање и реализирање на обуки од областа на утврдување на индивидуални планови за стручно усовршување и развој, и следење на ефектот на сите административни службеници во ЦУК | | | | 04/2021 05/2021 | 5.000,00 денари | ОУЧР во соработка со останатите организациони единици на ЦУК |

**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА: ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЕДИНСТВЕН КОМУНИКАЦИСКО-ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМ**

Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на Владата:

ПРИОРИТЕТИ: „Модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти".

ПРИОРИТЕТНИ ЦЕЛИ:

1. дигитална трансформација при испораката на услугите за граѓаните и бизнисите развивање механизми за воспоставување на модерни технологии

**Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на Центарот за управување со кризи**

ПРИОРИТЕТ:

Програмата е во функција на стратешкиот приоритет на Центарот за управување со кризи и исполнување на Европски стандард, Проект – Воспоставување на единствен комуникациско – информативен систем со единствен број на повикување во случај на ризици, опасности и други несреќи на целата територија на Републиката, Е 112

ПРИОРИТЕТНА ЦЕЛ:

Нов и модерен единствен комуникациско – информативен систем со единствен број на повикување во случај на ризици, опасности и други несреќи на целата територија на Републиката, Е-112.

**Цел на програмата:**

1. Зајакнување на СУК на РСМ преку обновување и надоградба на телекомуникациски и информатички ресурси
2. Воспоставување на единствен комуникациско-информациски систем со современи веб-базирани платформи за потребите на Системот за управување со кризи за навремен и координиран одговор при катастрофи и намалување на последиците од истите.
3. Сервисна ориентираност кон граѓаните, преку користење на нови информациско-комуникациски технологии.

Показатели на успешност:

1. подобрен квалитет на услугите кон граѓаните и останатите засегнати страни;
2. олеснет пристап, достапност до услугите од интерес за граѓаните;
3. воведено софтверско решение за следење на повиците на 112
4. овозможен брз проток на информации

| ПОТПРОГРАМА I: Проект - „Понатамошна надградба на Тетра системот ( тетра 4 ) и воспоставување на бројот за итни повици Е-112 " | | |
|---|---|---|
| **Цел на потпрограмата:** Усогласување кон Европските стандарди за број за итни повици 112 и подобрена услуга кон граѓаните. | | |
| **Показател на успешност:**<br>подобрен квалитет на услугите кон граѓаните и останатите засегнати страни<br>- олеснет пристап, достапност до услугите од интерес за граѓаните;<br>- воведено софтверско и хардверско решение во согласност со европски стандарди<br>- овозможен брз проток на информации<br>- унапредена соработка со субјектите во СУК и останатите за размена на податоци и информации | **Појдовна основа**<br>- ЗУК и постојна законска и подзаконска регулатива<br>- воспоставена ИТ структура | **Планиран резултат ( одредница ) на годишно ниво**<br>- Целосна имплементација<br>- повисока безбедност на информатичкиот систем на ЦУК, обезбедена квалитетна ИКТ инфраструктура и користени нови технологии и мерки за информатичка безбедност;<br>- обезбедени подобри дигитални-јавни услуги за граѓаните и и останатите засегнати страни |

| **Мерки** | **Активности** | **Временска рамка на спроведување** | | | | **Финансиски средства** | **Организациски облик/лице** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | | |
| Адаптација и реконструкција на објектите РЦУК 7/24 во Охрид, Куманово, Тетово, Битола, Штип, Струмица и Велес. | Завршеток на градежните работи на објектот Скопје – ЦУК и Започнување на адаптација и реконструкција во РЦУК Охрид, Куманово, Тетово, Битола, Штип, Струмица и Велес. | За РЦУК 7/24 | За РЦУК 7/24 | За РЦУК 7/24 | | | Душко Петровски |
| Технички прием на објект | Скопје и РЦУК | Скопје | | РЦУК 7/24 | | | Душко Петровски |
| Реализација на обука, акредитација-обучувачи, пополна со персонал | Обуки за Системот Е-112 | | 10-15 Лица 20 дневна обука | 10-15 Лица 20 дневна обука | | | Душко Петровски |
| Набавка, инсталација и тековно одржување подготовката и спроведувањето на тендерот за | Целосна инсталација на опремата и имплементација на | Испорака на опрема, поставување. | Инсталација, конфигурација | Обуки Инсталација, конфигурација | Пуштање во работа продукција | | Сектор за финансии Одделение за јавни набавки |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| набавка на потребната опрема | системот Е-112 | Инсталац ија, конфигур ација, | | | | | | |
| Тендер за јавна набавка за адаптација, реконструкција на РЦУК 7/24 | Изготвување технички спецификација за објавување на јавен тендер за изведба на адаптација и реконструкција на РЦУК 7/24 | Постапка за јавна набавка | Работа и изведба | Работа, изведба и завршува ње | | | ЦУК со Одделение за јавни набавки | |

| **ПОТПРОГРАМА II: Проект – Воспоставување на систем за јавно тревожење** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цел на потпрограмата:** Воспоставување на современ единствен систем за јавно тревожење на територијата на РСМ. | | | | | | | |
| **Показател на успешност:**<br>Доведување во исправна состојба на Систем за тревожење на територијата на РСМ | **Појдовна основа:**<br>- постојна законска и подзаконска регулатива<br>- постоечки, застарени сирени | **Планиран резултат ( одредница ) на годишно ниво**<br>Модерен, квалитетен и ефикасен систем за тревожење на територија на РСМ | | | | | |
| **Мерки** | **Активности** | **Временска рамка на спроведување** | | | | **Финансиски средства** | **Организациск и облик/лице** |
| | | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | | |
| Изработка на Информација и усвојување на истата од страна на Владата,<br>Изработка на проект и проектна задача со техничка спецификација за доведување во исправна состојба на Системот за тревожење во РСМ | | Поднесување на Информацијата во Влада | | | | Добивање Буџет за ЦУК со посебна програма | Душко Петровски |

ПОТПРОГРАМА III: Проект – Воспоставување на единствена радио мрежа

**Цел на потпрограмата:** Мрежно поврзување на радио-системите на регионалните центри во единствена УКБ радио мрежа за известување

| Показател на успешност: | Појдовна основа | Планиран резултат ( одредница ) на годишно ниво |
|---|---|---|
| Доведување во исправна состојба на УКБ радио системот за известување на ЦУК и изградба на единствен радио систем. | - постојна законска и подзаконска регулатива | Целосно мрежно поврзување на радио-системите на РЦУК што гравитираат кон ПОРЦУК.<br>24 часа – оперативно работење.<br>Обезбедување информации од интерес за управување со кризи преку VHF радио – системи.<br>Дополнителен и алтернативен вид на врска помеѓу РЦУК, РЦУК и одредени субјекти, единствен вид на врска со некои оддалечени населени места. |

| Мерки | Активности | Временска рамка на спроведување | | | | Финансиски средства | Организациски облик/лице |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | | |
| Изработка на Информација до Владата на РСМ и усвојување на истата | | Информација до Влада | | | | | Душко Петровски |
| Изработка на нов или ревизија на постоечки проект за модернизација на радио-системи на ЦУК | | | | | | | Душко Петровски |
| Проектно решение за модернизација на радио системите на ЦУК | | | | | | | Душко Петровски |
| Обнова на радио станици, поставување на радио станици | | | | | | | Душко Петровски |
| Набавка и умрежување на репетиторски уреди согласно изготвено идејно техничко решение | | | | | | | Душко Петровски |
| Број на репетиторски локации опремени со нова опрема | | | | | | | Душко Петровски |

## Б. Иницијативи на Центарот за управување со кризи во Годишната програма за работа на Владата

| Иницијатива | Временска рамка за подготвување | | | | Финансиски средства | Организациски облик/лице |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | | |
| Информација за Изменување и дополнување на Законот за управување со кризи за 112. | Информација за 112 | | | | | Душко Петровски |
| Целосно и комплетно завршување на започнатиот Проектот за „Имплементација и воведување во употреба на Европскиот број за итни повици Е-112 во Република Северна Македонија" со поддршката од канцеларијата на ЕУ во Скопје; | | | | ноември | | Душко Петровски |
| Реализација на Проектот за модернизација и уредување на техничката исправност на Системот за тревожење во Република Северна Македонија; | | | | ноември | | Душко Петровски |
| Информација за поддршка од САД во реконструкција на објект на Центарот за управување со кризи во Куманово, а со цел воспоставување Центар за обука | | април | | | Донација од САД во висина до 500.000 долари | Гордана Наумовска |

## В. Мерки и активности кои произлегуваат од работата на органот на државната управа

ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА: Донесување на подзаконски акти и други акти на Центарот, со цел усогласување со постојните законски прописи и овозможување целосна нивна имплементација, следливост и отчетност

Показател на успешност: Усогласени и донесени подзаконски акти и годишни планови на ниво на Центарот

| Активност | Временска рамка за подготвување | | | | Финансиски средства | Организациски облик/лице |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | | |
| Методолошка, организациска и техничка поддршка во изработката на Правилник за систематизација на работните места во ЦУК и Правилник за организација и работа на ЦУК | * | | | | Не се потребни финансиски средства | ОУЧР/Анита Цековска |
| Иработка на Годишен план за вработување за 2021 година и Измени на Годишен план за вработување за 2021 година, како и изработка на Годишен план за вработување за 2022 година и негово доставување до Министерство за финансии, Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците и до МИОА. | * | * | * | | Не се потребни финансиски средства | ОУЧР/Анита Цековска |
| Изработка на полугодишни извештаи за реализација на Годишниот план за вработување | * | | * | | | ОУЧР/Анита Цековска |
| Подготовка на Годишен извештај за изречени мерки за утврдена дисциплинска и материјална одговорност за 2020 година и негово доставување до МИОА | * | | | | | ОУЧР/Анита Цековска |
| Изработка на Годишен план за обука на административните службеници во ЦУК за 2021 година, и доставување до МИОА | | | | * | | ОУЧР/ Филип Смоковски Наим Алији |
| Изработка и доставување на полугодишен извештај за реализација на планот за спроведени обуки на административните службеници во ЦУК до МИОА | * | | * | | Не се потребни финансиски средства | ОУЧР/ Наим Алији |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Подготовка на Извештај со ранг листа за спроведено оценување за 2020 година и доставување до МИОА | * | | | | Не се потребни финансиски средства | СУЧР/ Анита Цековска |
| Градење на капацитети за изработка на процедури за користење на дигитална алатка за донесување на одлуки во Главниот штаб | | | * | * | Не се потребни финансиски средства | Главен штаб за управување со кризи |
| Организација на прес конференции и протоколарни активности, давање изјави во меѓународната вежба „ Северна Македонија 2021 “ | | | септември | | Не се потребни финансиски средства | САПДЗД и ВТ во СУК/Одделение за односи со јавност |
| Изработка на Фискална стратегија на ЦУК за периодот 2022-2024 година | * | | | | | СФП/ЦУК, Министерство за финансии |
| - Изработка на основни сценарија за периодот 2022-2024 година | * | | | | | СФП |
| - Процена и изработка на нови иницијативи за финансирање | * | | | | | СФП |
| - Поднесување на Фискалната стратегија до ecirkular.finance.gov.mk | * | | | | | СФП |
| Стратегија за управување со ризици | | | * | | | СФП/ЦУК |
| Изработка на Годишен финансиски извештај за 2020 година согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и во процесот на воспоставување, развој, спроведување и одржување на финансиското управување и контрола : | | * | | | | СФП |
| Изработка на предлог Буџет за 2022 година | | | * | | | Одделение за буџетска координација/ СФП, сите сектори, овластени лица за преземање финансиски обврски, раководители на програми во ППБИ, Министерство за финансии |
| Постапува по дадените Насоки за буџетирање на | | | * | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| програмите согласно правилникот за ПГБИ во ЦУК | | | | | | |
| Врз основа на утврдените приоритети за финансирање на програмската структура, изработува и доставува Предлог буџет за наредната година | | | * | | | |
| Поднесување на Предлог буџетот во ecirkular.finance.gov.mk | | | * | | | |
| Усогласување на Предлог буџетот со Министерството за финансии | | | | * | | |
| Изработка на предлог - Решение за внатрешна распределба на одобрениот буџет за 2021 година | * | | | | | Одделение за буџетска координација/ СФП, сите сектори и овластени лица за преземање финансиски обврски |
| Изработка на годишен финансиски план за 2021 година | * | | | | | Одделение за буџетска координација/ СФП и овластени лица за преземање финансиски обврски, Министерство за финансии |
| Изготвување на годишна завршна сметка на ЦУК за 2020 година | * | | | | | Одделение за сметководство и плаќања/ ЦУК, Министерство за финансии |
| Подготовка за изработка на годишен план за јавни набавки за 2021 година | * | | | | | Одделение за јавни набавки/СФП и овластени лица за преземање финансиски обврски, Биро за јавни набавки |
| Следење на извршувањето на планот за јавни набавки | * | | | | | |
| Изработка на прилози кон Извештајот на Европска Комисија за институционалниот напредок на ЦУК | | 5/21 | | | | СМС во соработка со надлежните организациони единици во ЦУК и СЕП |
| Изработка на прилози за Поткомитетот за животна | 2/21 | | | | | СМС во соработка со |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| средина, транспорт, енергетика и регионална политика во делот Цивилна заштита | | | | | | надлежните организациони единици во ЦУК СЕП |
| Изработка на ажурирани прилози за ЕУ документот Национална програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА) | | | | 11/21 | | СМС во соработка со надлежните организациони единици во ЦУК СЕП |
| Референцирање за напредокот кон НАТО од областа на „Цивилна подготвеност“ процес на Одбранбено планирање | 1/21 | | | 12/21 | / | СМС во соработка МО, сектори при ЦУК и субјекти од СУК |
| Подготовка на План за архивски знаци за 2021 година | | | | декември | | Државен архив на РСМ / СПОРИН/Одд за архивски работи |
| Подготовка на Листа на архивски материјал за 2021 година | | | | декември | | Државен архив на РСМ / СПОРИН/Одд за архивски работи |
| Подготовка на Листа на документарен материјал со рокови на негово чување за 2021 година | | | | декември | | Државен архив на РСМ / СПОРИН/Одд за архивски работи |
| Подготовка на Образец за предавање на ДАРСМ | До 31 март | | | | | Државен архив на РСМ / СПОРИН/Одд за архивски работи |
| Годишен план за работа на одделението за инспекциски надзор при ЦУК | | | | До 15-ти ноември | | Инспекциски совет/СПОРИН/ОИН |
| Шестмесечен извештај за работа на Одделението за инспекциски надзор | | | Од 1-15 јули | | | Инспекциски совет/СПОРИН/ОИН |
| Годишен извештај за работа на Одделението за инспекциски надзор | До 15 јануари | | | | | Инспекциски совет/СПОРИН/ОИН |
| Спроведување на постапка за организирање на подготвителни состаноци со субјектите учесници во СУК за време на зимскиот период ( поплави, студени бранови, снежни наноси, лавини, отсечени патни правци | | | | Октомври/ ноември | | СОК |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Спроведување на постапка за организирање на подготвителни состаноци со субјектите учесници во СУК за време на летниот период ( топлотни бранови ) | | Април/мај | | | | СОК |
| Поднесување на иницијатива до Групата за Процена за отпочнување на активности за ажурирање на Процената на загрозување на безбедноста на РСМ од сите ризици и опасности | | | | | Не се потребни финансиски средства | Одделение за аналитика и процени/раководител на САПСП<br>д-р Стевко Стефаноски |
| Ажурирање на процените на загрозеност на подрачјата на општините и градот Скопје од сите ризици и опасности | Февруари - Март 2021 | | | | Не се потребни финансиски средства | САПСП/СОК/РЦУК |
| Имплементација на планираните проектни активности од проектот "Сеопфатна процена на ризик на основните сервиси и транспортната инфраструктура (Comprehensive RISK assessment of basic services and transport Infrastructure (CRISIS) со УКИМ-ИЗЗИС и сродни институции од Италија, Грција и Албанија. | Во текот на 2021 година согласно проектните активности | | | | Обезбедени од проектот | Сектор за аналитика, процени и стратешко планирање/д-р С. Стефаноски |
| Стратешки план на ЦУК за 2021-2023 | | * | | | | САПСП /Одделение за СП и програмирање |
| Годишен план за работа на ЦУК за 2021 | | | | * | | САПСП /Одделение за СП и програмирање |
| Годишен извештај за спроведување на Годишниот план за работа од 2019 година | * | | | | | САПСП /Одделение за СП и програмирање |
| Подготовка за изработка на Предлог програми за 2022 година | | До 15 април | | | | САПСП /Одделение за СП и програмирање |

Изработил: Благица Илиоска

Прегледал/одобрил: д-р Стевко Стефаноски